**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**
Број:02-1533/4
Датум: 11.9.2019 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 38 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломскстудии) на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (Универзитетски гласник 417/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 11.9.2019 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за премин на нови студиски програми по ЕКТС

1. Студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, заклучно со учебната 2016/2017 година, можат да преминат да студираат на новите студиски програми воведени на Факултетот во учебната 2017/2018 година.

2. Студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, заклучно со учебната 2016/2017 година кои сакаат да продолжат да студираат, а до почетокот на учебната 2019/2020 година (зимски семестар) не се стекнале со најмалку 90 кредити, преминуваат на новите, соодветни, студиски програми.

3. Студентите од точка 2 од оваа одлука кои до почетокот на летниот семестар од учебната 2019/2020 година не се стекнале со најмалку 120 кредити, преминуваат на новите, соодветни, студиски програми.

4. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата, продеканот за настава, секретарот, Службата за студентски прашања, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски